Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
“СТРАШО ПИНЏУР“
Бр. 03-721/2
18. 12. 2018 год.
КАВАДАРЦИ

Прилог бр. 25 : План за заштита и спасување од елементарни непогоди

# П Л А Н

## за заштита и спасување на ООУ„Страшо Пинџур“ Кавадарци од природни непогоди и други несреќи

Содржина

1.Општи карактеристки на ООУ „Страшо Пинџур “Кавадарци
-Положба на установата
а.ООУ„ Страшо Пинџур“Кавадарци
б.ПОУ с.Дреново
в.ПОУ с.Возарци
г.ПП с.Марена
-Број на вработени,старосна и образовна структура
а.ООУ„ Страшо Пинџур“Кавадарци
б.ПОУ с.Дреново
в.ПОУ с.Возарци
г.ПП с.Марена
-Број на ученици
а.ООУ„ Страшо Пинџур“Кавадарци
б.ПОУ с.Дреново
в.ПОУ с.Возарци

г.ПП с.Марена

-Технички опис на ООУ „Страшо Пинџур “Кавадарци и подрачните училишта

а.Макро  локација

б.Микро локација

в.Опис на функцијата

-Опис на конструкцијата на  вградени материјали на ООУ „Страшо Пинџур “Кавадарци и подрачните училишта

а.Електрика

б.Водовод и канализација

в.Греење

г.Внатрешна и надворешна хидранска мрежа

2.Процена на загрозеноста на на ООУ „Страшо Пинџур “Кавадарци и подрачните училишта од природни  непогоди и други несреќи

3.Планирање на   заштита и спасување

4.Организација на  заштитата и спасувањето

-Права и обврски на училишниот одбор

-Права и обврски на  Директорот  на училиштето

-Тимови за заштита и спасување

5.Мерки за заштита и спасување

-Евакуација

-Заштита и спасување од земјотреси и урнатини

-Заштита и спасување од поплави

-Заштита и спасување од пожари

-Заштита и спасување од заразни заболувања

-Заштита и спасување од екстремни временски состојби

-Прва медицинска помош

6.Материјално технички средства за заштита и спасување

7.Организација на ООУ „Страшо Пинџур " Кавадарци

- Тим за Евакуација

-Тим за Заштита и спасување од земјотреси и урнатини

-Тим за Заштита и спасување од поплави

-Тим за Заштита и спасување од пожари

-Тим за Заштита и спасување од заразни заболувања

-Тим за Заштита и спасување од екстремни временски состојби

-Тим за Прва медицинска помош

8.Известување за опасности и барање на помош

9.Прилози на планот за заштита и спасување

Прилог бр. 1 Мобилизациски план за брзо собирање на вработените

Прилог бр. 2 Материјално финансиски план

Прилог бр. 3 Програма за обука и увежбување на тимовите за заштита и спасување

Прилог бр.4 Список на вработени во ООУ „Страшо Пинџур" Кавадарци (име и презиме,функција)

Врз основа на член 22 точките 7 и 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ,бр. 05/2002 година) а во в со Законот за заштита и спасување Службен весник на РМ бр. 93/2012 година-прочистен текст)и подзаконските акти донесени согласно законот,Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур" Кавадарци донесува

# П Л А Н

## за заштита и спасување на ООУ„Страшо Пинџур" Кавадарци

## од природни непогоди и други несреќи

Во планот разработени се основните карактеристики на ООУ „Страшо Пинџур" Кавадарци,процена на загрозеноста на на ООУ „Страшо Пинџур "Кавадарци и подрачните училишта од природни непогоди и други несреќи, планирање на заштита и спасување,организација на заштитата и спасувањето, мерки за заштита и спасување, материјално технички средства за заштита и спасување, организација на ООУ „Страшо Пинџур " Кавадарци и известување за опасности и барање на помош.

1.Општи карактеристки на ООУ „Страшо Пинџур "Кавадарци

-Положба на установата

а.ООУ„ Старшо Пинџур"Кавадарци

Преглед на училишен простор

| Ред .бр | Опис на просториите и нивна намена | Број на простории | Површина во м2 |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| А | Наставни простори во главн зграда | 12 | 480 м2 |
| | Помошна зграда- продолжен престој | 4 | 148 м2 |
| | Посебни паралелки | 5 | 78 м2 |
| Б | Простории за оппштествени и педагошки дејности во главна зграда | 4 | 54м2 |
| | Продолжен престој | 1 | 16м2 |
| | Зграда за посебни паралелки | 1 | 15м2 |
| В | Санитарни и други помошни простории-Главна зграда | 2 | 84м2 |
| | Дневен престој | 2 | 32м2 |
| | Посебни потреби | 2 | 20м2 |
| Г | Дворна површина | | 6.000м2 |
| | | | |

б.ПОУ с.Дреново

Преглед на училишен простор

| Ред .бр | Опис на просториите и нивна намена | Број на простории | Површина во м2 |
|---|---|---|---|
| А | Наставни простории | 7 | 284м2 |
| | Интернат | 1 | 24м2 |
| | | | |
| Б | Простории за општествени и педагошки дејности | 2 | 40м2 |
| | | | |
| | | | |
| В | Санитарни и други помошни простории | 4 | 40м2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| Г | Дворна површина | | 1500м2 |
| | | | |

в.ПОУ с.Возарци

Преглед на училишен простор

| Ред .бр | Опис на просториите и нивна намена | Број на простории | Површина во м2 |
|---|---|---|---|
| А | Наставни простории | 6 | 200м2 |
| | | | |
| | | | |
| Б | Простории за општествени и педагошки дејности | 1 | 30м2 |
| | | | |
| | | | |
| В | Санитарни и други помошни простории | 2 | 30м2 |
| | | | |
| | | | |
| Г | Дворна површина | | 4 000м2 |
| | | | |

г.ПП с.Марена

Преглед на училишен простор

| Ред .бр | Опис на просториите и нивна намена | Број на простории | Површина во м2 |
|---|---|---|---|
| А | Наставни простории-Стара зграда | 3 | 140м2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Нова зграда | 3 | 60м2 |
| | | | |
| | | | |
| Б | Простории за општествени и педагошки дејности | 1 | 20м2 |
| | | | |
| | | | |
| В | Санитарни и други помошни простории | 2 | 50м2 |
| | | | |
| | | | |
| Г | Дворна површина | | 10.000м2 |
| | | | |

-Број на вработени и образовна структура

а.ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци

Број на вработени и образовна структура

| Ред. бр. | Опис ан работните места | Структура по степен на образование | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ВШС | ССП | КВ | НСС |
| 1 | Раководни кадри | Директор и заменик директор | | | | |
| 2 | Стручни работници | Педагог и психолог | | | | |
| 3 | Воспитно образовен кадар | Наставниц и | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Административно технички кадар | | | | Хаус мајсто р и ложач | Хигиеничари |

б.ПОУ с.Дреново

Број на вработени и образовна структура

| Ред. бр. | Опис ан работните места | Структура по степен на образование | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ВШ С | СС П | КВ | НСС |
| 1 | Раководни кадри | Раководите л | | | | |
| 2 | Стручни работници | | | | | |
| 3 | Воспитно образовен кадар | Наставници | | | | |
| 4 | Административно технички кадар | | | | Хаус мајстор и ложач на парно | Хигиеничар и и кувари |

в.ПОУ с.Возарци

Број на вработени и образовна структура

| Ред. бр. | Опис ан работните места | Структура по степен на образование | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ВШ С | ССП | КВ | НСС |
| 1 | Раководни кадри | Раководите л | | | | |
| 2 | Стручни работници | | | | | |
| 3 | Воспитно образовен кадар | Наставници | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Административно технички кадар | | | | Хаус мајсто р | Хигиеничар |

г.ПП с.Марена

Број на вработени и образовна структура

| Ред. бр. | Опис ан работните места | Структура по степен на образование | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ВШС | СС П | КВ | НСС |
| 1 | Раководни кадри | Раководите л | | | | |
| 2 | Стручни работници | | | | | |
| 3 | Воспитно образовен кадар | Наставници | | | | |
| 4 | Административно технички кадар | | | | Хаус мајсто р и ложач на парно | Хигиеничари |

-Број на ученици

а.ООУ „Страшо Пинџур" Кавадарци

Број на ученици

| Ред. бр. | Возрасна група | број | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Од 1 до 5 одделение | 204 | |
| 2 | Од 6 до 9 одделение | 178 | |
| 3 | Ученици со посебни потреби | 18 | |

б.ПОУ с.Дреново

Број на ученици

| Ред. бр. | Возрасна група | број | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Од 1 до 5 одделение | 29 | |
| 2 | Од 6до 9 одделение | 38 | |
| | | | |

в.ПОУ с.Возарци

Број на ученици

| Ред. бр. | Возраасна група | број | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Од 1 до 5 одделение | 57 | |
| 2 | Од 6 до 9 одделение | 38 | |
| | | | |

г.ПП с.Марена

Број на ученици

| Ред. бр. | Возраасна група | број | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Од 1 до 5 одделение | 35 | |

-Технички опис на ООУ „Страшо Пинџур “Кавадарци и подрачните училишта

а.Макро локација

ООУ „Страшо Пинџур “Кавадарци се наоѓа во централното градско подрачје во урбаната заедница Страшо Пинџур,од десната страна на река Луда мара, во близина на училиштето се наоѓаат неколку позначајни објекти: Агенција за вработување, Стоматолошка ординација, просториите на ООЦК Кавадарци, Здравствен дом.

ПОУ с. Дреново се наоѓа во село Дреново на 13 КМ одалеченост од Кавадарци.Теренот е ридско планински до школото а и самото село се доаѓа по асвалтен пат. Поврзано е на селската водоводна мрежа и канализација.Во склопот на училиштето спаѓа и интернат за престој на ученици од другите околни села.

ПОУ с.Возарци се наоѓа на 8 КМ оддалеченост од Кавадарци, а самото училиште се наоѓа во почетокот на селото, до кое се доаѓа по асвалтен пат. Приклучено е на селската водоводна и канализациска мрежа.До самото село и школо води асфалтен пат.Во негова непосредна близина тече Црна река,во негова близина се наоѓа ФЕНИ и ХЕЦ Тиквеш

ПП с.Марена се наоѓа на 6 КМ оддалеченост од Кавадарци. Школото се наоѓа на почетокот од селото,до самото школо води асфалтен пат.Школото е поврзано на селската водоводна и канализациска мрежа.Во непосредна близина е реката Луда мара

б.Микро локација

ООУ „ Страшо Пинџур се наоѓа во градот Кавадарци на ул.Димката Габерот бр. 13

ПОУ с. Дреново се наоѓа во село Дреново

ПОУ с.Возарци се наоѓа во с.Возарци

ПП с.Марена се наоѓа во с.Марена

в.Опис на функцијата

- Училиштето е воспитно образовна институција каде се реализира воспитно образовен процес и реализација на воннаставните активности според програма на МОН. Наставата се реализира во една смена во централното училиште, ПОУ с Дреново и ПП с. Марена, додека во ПОУ с Возарци наставата се одвива во две смени.

-Опис на конструкцијата на вградени материјали на ООУ „Страшо Пинџур “Кавадарци и подрачните училишта

а.Електрика

кратокопис за сите училишта

- Школото е поврзано на градската електрична мрежа .Инсталацијата е поставена 1982 год и не е обновена

б.Водовод и канализација

кратокопис за сите училишта

-Школото е приклучено на градската водоводна мрежа и канализација и е обновена 2012 год

в.Греење

кратокопис за сите училишта

-Затоплувањето во сите три згради на О.У, Страшо Пинџур ,, Кавадарци се изведува на течно гориво- нафта сите згради се поврзани на еден централен котел за согорување на нафтата.Складирањето на нафтата е во цистерна која е одалечена од котелот 15 мет. И е вкопана во замја според сите стандарди

г.Внатрешна и надворешна хидранска мрежа

кратокопис за сите училишта

- Во главната зграда се поставени два хидранта на прв и втор спрат кои се поврзани со главната градска водоводна мрежа и се во функција.Во случај на некоја непогода школото може да го искористи и надворешниот хидрант кој е во непосредна близина на школото и е во функција а во сопственост на ЈП Комуналец

2.Процена на загрозеноста на на ООУ „Страшо Пинџур “Кавадарци и подрачните училишта од природни непогоди и други несреќи

Вработените,учениците и лицата што би се затекнале во работните и другите простории на ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци и во ПОУ с. Дреново,ПОУ

с.Возарци и во ПП с.Марена може да бидат загрозени од природни непогоди и други несреќи,и потребна е евакуација.

Се проценува дека сите објекти во ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци и во ПОУ с. Дреново,ПОУ с.Возарци и во ПП с.Марена се загорзени од појава на земјотреси,при што би настанале рушење и урнатини и оштетување на објектите кои се стари градби .

Можни се оштетување на инсталациите(електрична,водоводна и др.)појава на пожари и експлозии,затрупување на вработени и ученици и сл.

Од поројни води и води при евентуално оштетување и рушење на браната на Акумулацијата „ Тиквеш“ )загрозени се објектите на ПОУ с.Возарци а од поројни води и води при евентуално оштетување и рушење на браната на Акумулацијата. Градот-Моклиште загрозени се објектите на . ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци и ПП с.Марена.

Потребно е превземање на мерки и активности за заштита од поплави.

Сите објекти и работни простории на ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци и во ПОУ с. Дреново,ПОУ с.Возарци и во ПП с.Марена поради старата градба и конструкција загрозени се од пожари предизвикани од складирање и користење на течни и тврди горива за затоплување ,неисправна електрична инсталација, неисчистени оџаци,удар на гром и др.

Потребно е превземање на мерки и активности за заштита од пожари.

Дел од вработените и учениците во ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци и во ПОУ с. Дреново,ПОУ с.Возарци и во ПП с.Марена може да бидат загрозени и зафатени со заразни и други заболувања.

Потребно е превземање на мерки и активности зазаштита од заразни и други заболувања.

Вработените и учениците може да бидат загрозени од екстремно ниски и екстремно високи температури(студени и топли бранови) и е потребно наставните активности да се прилагодат со гласно препораките на Министерството за здраство и акционите планови за заштита од топли и ладни бранови.

За време на изведувањето на наставната и вонаставната активност во работните и дворните површини или при појава на екстремни временски состојби(силен ветар,силни поројни врнежи,снешни наноси и сл.) можно е да дојде до заболување и повредување на дел од вработените и учениците и на истите му е потребна прва медицинска помош.

Објектите, инфраструктурата, вработените, учениците и лицата затекнати во ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци и подрачните училишта се процениува дека може да бидат загрозени од земјотреси и урнатини,поплави,пожари,заразни заболувања екстремни временскисостојби и др.

3.Планирање на заштита и спасување

Заради организирано спроведување на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи врз основа на Процената на загрозеност на ООУ „ Страшо Пинџур“ Кавадарци од природни непогоди и други несреќи се донесува План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Проценката и планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи ги донесува органот на управувањето.

Со планот за заштита од природни непогоди и други несреќи се регулираат проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи,мерките за заштита и спасување,правото,одговорноста и обврската на вработените лица во ООУ„ Страшо Пинџур“ Кавадарци,потребната обука на вработените и учениците и потребната опрема за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

4.Организација на заштитата и спасувањето

Согласно Законот за заштита и спасување ООУ„Страшо Пинџур“ Кавадарци е должен да организира и спроведува заштита и спасување.

За организирање и реализација на заштитата и спасувањето во училуштето одговорни се :

1.Училишен одбор

2.Директор

3.Вработени

4.Тимови за заштита и спасување

1.-Права и обврски на училишниот одбор

На предлог на директорот на ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци ја донесува Процената на загрозеност на ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци од

природни непогоди и други несреќи и Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Донесува одлука за остранување на опасностите кои се закана по безбедноста и функционалноста на училиштето од природни непогоди и други несреќи.

Ја утврдува потребата од средства и опрема за заштита и спасување,потребата од обуки и вежби на вработените и учениците ,донесува материјално финансиски план и др.

2.Права и обврски на Директорот на училиштето

Директорот на училиштето остварува надзор на спроведувањето на превентивните мерки за заштита и спасување и раководи со превземањето и спроведувањето на мерките за заштита и спасување.

Во случај на појава на природни непогоди и други несреќи донесува наредба за запирање на работата во одделни работни простории или објектот и за тоа веднаш го известува училишниот одбор и локална самоуправа Кавадарци.

При појава на природни непогоди и други несреќи ги организира и ангажира силите и средствата со кои располага училиштето,адоколку процени дека со со сопствени сили и средства не можи да ја острани опасноста повикува помош од надлежните служби на локално ниво кои се надлежни за заштита и спасување и дава известување за интензитетот и потребната помош.

Остварува соработка во превенцијата,превентивното и оперативното дејствување по настаната опасност со Локална самоуправа -општина Кавадарци Дирекцијата за заштита и спасување -Подрачно одделение Кавадарци,Регионалниот центар за управување со кризи Кавадарци,Територијалната против пожарна единица Кавадарци,Итната медицинска помош,Полициската станица од општа надлежност Кавадарци и други субјекти на локално ниво кои се во функција на заштита и спасување.

3.Права и обврски на вработените во училиштето

Вработените во ООУ „Страшо Пинџур " Кавадарци се основни носители на задачите и работите за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Право и должност на секој вработен е да учествува во спроведувањето на превентивните мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи и

учествува во спроведувањето на оперативните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи согласно планот за заштита и спасување и настанатата состојба.

4.Тимови за заштита и спасување

Тимовите за заштита и спасување ги формира директорот на ООУ„Страшо Пинџур“ Кавадарци и тоа за секоја мерка од планот за заштита и спасување.

Тимот се ангажира во спроведувањето на мерките и активностите за заштита и спасување непосредно на терен и ги кординирааактивностите на останатите ангажирани лица (вработени и ученици) од ООУ„Страшо Пинџур“ Кавадарци

5.Мерки за заштита и спасување

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на активности и постапки од превентивен и оперативен карактер кој ги подготвува и спроведува ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци.

Мерките за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи се утврдуваат и превземаат со цел да се намалат причините за настанување на природни непогоди и други несреќи и да се спречи нивно ширење,како и за намалување на последиците и спасување на луѓе и материјални добра од природни непогоди и други несреќи.

Врз основа на Процената за загрозеност на ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци и подрачните училишта во селата Дреново,Возарци и Марена за заштита на објектите, вработените,учениците се планираат и спроведуваат следните мерки за заштита и спасување:

1.Евакуација

2.Заштита и спасување од земјотреси и урнатини

3.Заштита и спасување од поплави

4.Заштита и спасување од пожари

5.Заштита и спасување од заразни заболувања

6.Заштита и спасување од екстремни временски состојби

7.Прва медицинска помош

1.Евакуација

Евакуацијата е планско,организирано и ефикасно напуштање на објектот или местото погодено од природни непогоди и други несреќи како би се избегнале поголеми загуби во луѓе и материјални добра.

Се спроведуваат следните видови на евакуација:

а.Превентивна

б.Итна и неопходна

Во случај на настанување на природни непогоди и други несреќи организирано се напуштат просториите загрозени или зафатени од природни непогоди и други несреќи,а вработените и учениците се преместуваат на безбедна локација.

По извршената евакуација се пристапува кон отстранување на настанатата опасност со сопствени сили и средства ,а доколку се оцени дека е потребна помош веднаш се известуваат и се бара помош од субјектите надлежни за заптита и спасување на локално ниво.

При спроведувањето на евакуацијата се исклучуваат уредите,електричната енергија и се проверува дали сите лица се евакуирани.

За спроведување на оваа мерка се ангажира тимот за заштита и спасување одговорен за евакуација.

По потреба и наредба од директорот се ангажираат останатите вработени .

2.Заштита и спасување од земјотреси и урнатини

При евентуална појава на посилни земјотреси на подрачјето на општина Кавадарци каде се сместени објектите и работните простории на ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци и подрачните училишта во селата Дреново,Возарци и Марена

може да настанат оштетувања и рушење на објектите и просториите во кои се изведува наставна и вон наставна активност.

Сите објекти се стари градби на кои не се применети асеизмички мерки на градба и на кои инсталациите(електрична и водоводна) се изведени од постар датум.

Во случај на земјотрес а со тоа настанување на урнатини од страна на вработените и надлежните за заштита и спасување на локално ниво се превземаат мерки и активности за пребарување на затрупани лица,извлекување на затрупани и повредени лица во урнатините, се организира упажување на прва медицинска помош,се исклучува електричната енергија,водоводната мрежа и другите инсталации за да не предизвикаат дополнителни опасности и последици по вработените ,учениците и објектите.

Вработените се ангажираат на гасење на евентуален пожар а по потреба се бара помош од надлежните субјекти за заштита и спасување од урнатини и се. спроведуваат нивните насоки и препораки

Се ангажира тимот за заштита и спасување од урнатини.

3.Заштита и спасување од поплави

Локациите каде се наоѓаат објектите на ООУ „Страшо Пинџур" Кавадарции подрачните училишта во селата Дреново,Возарци и Марена можна е појава на поплава од поројни води при интензивни врнежи од дожд и зголемено ниво на речните води на Црна река,Луда Мара и Овчка река.

При оштетување или рушење на браната на акумулацијата „Тиквеш" Кавадарци загрозени се објектите на ПОУ Страшо Пинџур ов село Возарци.

При оштетување или рушење на браната на акумулацијата „Градот"Моклиште загрозени се објектите на ООУ „Страшо Пинџур"Кавадарци и ПОУ во село Марена.

Водата може да предизвика штети на објектите,средствата и опремата што е сместена во подрумските и приземните простории.

Потребно е да се предвидат и превземаат мерки за заштита од поплави (следење на состојбата,размена на податоци и информации со надлежните субјекти на локално ниво,правење на одбрамбени насипи,испумпување на водата од поплавените простории,правење на пропусти за водата и доколку е потребно побарување на помош од територијалната против пожарна единица Кавадарци и единицата на локална самоуправа Кавадарци

Во заштитата и спасувањето од поплави се анражира тимот за заштита од поплави а по потреба и останатите вработени.

## 4.Заштита и спасување од пожари

Мерките за заштита и спасување од пожари и експлозии се утврдуваат и превземаат за остранување на причините за насстанување на пожари со цел спасување на луѓе и материјални добра.

За заштита и спасување од пожари и експлозии се превземаат сите мерки пропишани во правилникот за заштита од пожари и експлозии:

-Редовна проверка на средствата и опремата за гасење на пожари.

-Редовна проверка на уредите и инсталациите кои може да предизвикаат пожари.

-Правилно складирање на лесно запаливиот и друг горлив материјал.

-Редовна проверка на хидрантите и хидранската опрема.

-Главните и споредните влезови и излези од објектите постојано да се слободни.

Секој вработен доколку забележи појава на пожар доколку со истиот не е загрозен ,веднаш да пристапи кон негово гасење и да побара помош од останатите вработени и да го извести директорот.

Директорот ги организира вработените за гасење на настанатиот пожар а во исто време ја известува ТППЕ Кавадарци надлежна за заштита од пожари и бара помош.

Доколку не постои опасност наредува исклучување на електричната енергија,уредите и инсталациите.

Тимот за заштитата и спасувањето од пожари се ангажира а по потреба се ангажираат и останатите вработени.

## 5.Заштита и спасување од заразни заболувања

Вработените и учениците може да бидат зафатени од заразни и други заболувања од употреба на загадена и неисправна вода од водоводот,консумирање на расипана храна,труење со неисправна храна од околните објекти кои нудат храна, вирусни и сезонски грип и др.

Од страна на вработените и тимот за заштита и спасување од заразни болести се превземаат мерки за остранување на опасностите,изворите на заразување и загадување,укажување на прва медицинска помош,

6.Заштита и спасување од екстремни временски состојби

Вработените и учениците може да бидат загрозени од екстремно ниски и екстремно високи температури(студени и топли бранови) и е потребно наставните активности да се прилагодат со гласно препораките на Министерството за здраство и акционите планови за заштита од топли и ладни бранови.

За време на изведувањето на наставната и вонаставната активност во работните и дворните површини или при појава на екстремни временски состојби(силен ветар,силни поројни врнежи,снешни наноси и сл.) можно е да дојде до заболување и повредување на дел од вработените и учениците и на истите му е потребна прва медицинска помош.

7.Прва медицинска помош

Вработените и учениците може да бидат загрозени од сите проценети опасности во планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи и на истите им е потребна прва медицинска помош.

Првата медицинска помош ја укажуваат тимот за укажување на прва медицинска помош,оспособените лица и останатите вработени во училиштето.

Директорот известува и побарува помош од итната медицинска помош Кавадарци.

8.Материјално технички средства за заштита и спасување

Потребни и обезбедени средства за заштита и спасување

| Ред. бр. | Назив на средството | Потребно | Обезбедено | Недостасува | Забелешка |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | ПП апарати | 10 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Копачи | 15 | | | |
| 3 | Лопати | 15 | | | |
| 4 | Хидранти | 4 | | | |
| 5 | Хидрански црева | 100 мет | | | |
| 6 | Вреќи за песок | 100 | | | |

7.Организација на ООУ „Страшо Пинџур " Кавадарци

- Тим за Евакуација

1.Трајче Трајков

2.Софија Јосифова

3.Митра Пашовска

4.Тодор Кимов

5.Весна Хаџи Мустафова

-Тим за Заштита и спасување од земјотреси и урнатини

1.Мимоза Крстевска

2.Зоран Велков

3.Роза Кујунџиова

4.Анастасија Танева

5 Бети Темова

-Тим за Заштита и спасување од поплави

1.Сашко Илов

2.Стефанија Петрова

3. Елена П. Атанасова